МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 151 став 5 од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА КОРИСНИЦИ НА ОЗНАКА ЗА ПОТЕКЛО, ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА И ОЗНАКА ЗА ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ (*)

* Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на комисијата (ЕЗ) 1216/2007 од 18 октомври 2007 година за утврдување на деталните правила за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр. 509/2006 на Советот за земјоделски и прехранбени производи како гарантирани традиционални специјалитети и со Регулативата (ЕЗ) 1898/2006 од 14 декември 2006 година за утврдување на правила за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр. 510/2006 на Советот за заштита на географски ознаки и ознаки за потекло на земјоделски и прехранбени производи, CELEX бр. 32007R1216 и CELEX бр. 32006R1898

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на корисници на ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет.

## Член 2

(1) Регистарот на корисници на ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет (во натамошниот текст: Регистар) се води во форма на книга со тврди корици со црвена боја и димензии 30 x 21 на евиденциските листови кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

(2) На предната страна на корицата на книгата од ставот (1) на овој член е втиснат грбот на Република Македонија, а под него се впишани со златни букви следните зборови: Република Македонија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Регистар на корисници на ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет.

(3) Во евиденциските листови се внесуваат следниве податоци:

- горе лево се отпечатува реден број под кој се евидентира корисникот/корисниците на ознаката за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет

- во средина на листот се отпечатува евиденциски лист и под него се отпечатува

- назив на корисникот/корисниците на ознаката. Во табелата се отпечатени следните податоци:

- деловоден број на поднесеното барање за упис во регистарот;

- датум на поднесување на барањето;

- заштитениот назив производот;

- категорија на производот;

- вид на ознаката;

- податок дали производот е регистриран со или без резервација на називот (се однесува само за гарантиран традиционален специјалитет);

- број, датум и место на издавање на решението за регистрација на ознаката;

- адреса, телефон и e-mail на корисникот/корисниците;

- матичен број на корисникот/корисниците;

- број на потврдата од овластените верификационите тела со која се докажува усогласеноста со елаборатот односно спецификацијата;

- назив и адреса на овластеното верификационо тело и

- забелешки.

(4) Регистарот се води електронски и во пишана форма.

(5) Формата и содржината на Регистарот е дадена во Прилог 1 и Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 11-6469

14 јули 2011 година

Скопје

Министер,

Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

РЕГИСТАРОТ НА КОРИСНИЦИ НА ОЗНАКА ЗА ПОТЕКЛО, ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА И ОЗНАКА ЗА ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ

Прилог 2

Реден бр.____

Евиденциски лист

______________________________________________

Назив на корисникот/корисниците на ознаката

| Деловоден број на поднесеното барање за упис во регистарот | Датум на поднесување на барањето | Заштитениот назив производот | Категорија на производот | Вид на ознаката | Податок дали производот е регистриран со или без резервација на називот (се однесува само за гарантиран традиционален специјалитет) | Број, датум и место на издавање на решението за регистрација на ознаката | Адреса, телефон и e-mail на корисникот/ корисниците | Матичен број на корисникот /корисниците на ознака | Број на потврдата од овластените верификационите тела со која се докажува усогласеноста со елаборатот односно спецификацијата | Назив и адреса на овластеното верификационо тело |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

Забелешки: